Број на Службен весник:29/2026
Датум на објава на Службен весник:12.02.2026
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 8 став (5) од Законот за дивечот и ловството(*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.263/23, 170/24 и 123/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 февруари 2026 година, донесе

ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛОВСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2026 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува видот и обемот на активностите кои ќе се финансираат од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.253/25), Раздел 14001 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 2 - Шумарство, Потпрограма 20 – Шумарство, Ставка 485 – Вложувања и нефинансиски средства, корисниците на средствата, износот и начинот на исплата на средствата за 2026 година.

II

За извршување на активностите од дел I од оваа програма, предвидени се средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година во износ од 3.000.000,00 денари и тоа за:

ВИД НА МЕРКА	КРИТЕРИУМ И ВИСИНА НА ПОДДРШКА	ВКУПНО ИЗДВОЕНИ СРЕДСТВА
Финансиска поддршка за развој и унапредување на ловството		
1.Исполнување на обврските на Владата на Република Северна Македонија согласно договорот за управување со државните ловишта		
А. Финансирање на трошоци за храна на дивечот	Критериум: *-потпишан договор за управување со дивечот во ловиште* Висина на поддршка: *50% од трошоците*	2.000.000,00
Б. Финансирање на трошоци за изградба на ловнотехнички објекти (хранилишта, солишта, поилишта и др.).	Критериум: *- потпишан договор за управување со дивечот во ловиште* Висина на поддршка: *50% од трошоците*	
2.Награда за уловен дивеч без посебна заштита		865.261,00
3.Неизмирени обврски од Прогамата за развој и унапредување на ловството од 2025 година	- финансирање на трошоци за изградба на ловнотехнички објекти во висина од 50% од трошоците за Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН" - Скопје	134.739,00
ВКУПНО:		3.000.000,00

III

Финансиските средства од дел II точките 1 и 2 од оваа програма ќе ги користат управувачите со дивечот во државните ловишта и физички лица кои имаат уловено дивеч без посебна заштита.

IV

Исплатата на средства од дел II точка 1 од оваа програма ќе се врши врз основа на склучен договор за управување со дивечот во државните ловишта помеѓу Владата на Ре-публика Северна Македонија и управувачот со државно ловиште и врз основа на доку-ментација за извршени работи.

Исплатата на средства од дел II точка 2 од оваа програма ќе се врши врз основа на решение на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство по предходно изготвен записник од Комисијата за утврдување на уловен дивеч без посебна заштита.

Средствата од дел II точка 3 од оваа програма се наменети за исплата на неизмирени обврски од Прогамата за развој и унапредување на ловството од 2025 година за финансирање на трошоци за изградба на ловнотехнички објекти во висина од 50% од трошо-ците за Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“ - Скопје, како извршител кој управува со државно ловиште, а врз основ на склучен договор и доставена фактура и пропратна документација за направените тро-шоци.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Димовски, с.р.

Бр. 57-360/5
10 февруари 2026 година
Скопје